# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**09.08.2016 год.**<br>**БРОЈ 14 ГОДИНА 51** |


## С О Д Р Ж И Н А


| **Реден број** | **Име на одлука** | **Стран а** |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за спроведување мерки и активности за помош на загрозенит семејства и институции погодени од поплавите кои настанаа на де 06.08.2016 година во регионот на Скопје, Тетово и околината | **2** |
| **2.** | Јавна објава | **3** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПОМОШ НА ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА И ИНСТИТУЦИИ ПОГОДЕНИ ОД ПОПЛАВИТЕ КОИ НАСТАНАА НА ДЕН 06.08.2016 ГОДИНА ВО РЕГИОНОТ НА СКОПЈЕ, ТЕТОВО И ОКОЛИНАТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за спроведување мерки и активности за помош на загрозените семејства и институции погодени од поплавите кои настанаа на ден 06.08.2016 година во регионот на Скопје, Тетово и околината, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 08.08.2016 година.

**Број 09-12065/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**08.08.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на вонредната седницата одржана на ден 08.08.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПОМОШ НА ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА И ИНСТИТУЦИИ ПОГОДЕНИ ОД ПОПЛАВИТЕ КОИ НАСТАНАА НА ДЕН 06.08.2016 ГОДИНА ВО РЕГИОНОТ НА СКОПЈЕ, ТЕТОВО И ОКОЛИНАТА**

**Член 1**

Советот на општина Охрид го усвојува Заклучокот на Комисијата за финансии и буџет за одобрување на првична финансиска помош во износ од 300.000,оо денари за помош на семејствата настрадани во невремето кое ги зафати скопскиот и тетовскиот регион на ден 06.08.2016 година**.**

**Член 2**

Советот на општина Охрид го овластува Градоначалниот на општина Охрид да ги стави на располагање сите човечки, материјални и технички ресурси на општина Охрид и Јавните претпријатија основани од општина Охрид на настраданите општини, Јавни претпријатија и Државни институции кои директно се справуваат со последиците од невремето.

**Член 3**

Советот на општина Охрид го задолжува Штабот за заштита и спасување во предвидените превентивни активности и активностите за справување, да ги инкорпорира

искуствата од сегашната и минатите природни катастрофи со цел да ја подобри ефикасноста на Штабот како во делот на превенцијата, така и во делот на справување со слични состојби на територијата на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12065/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**08.08.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Србиноски Дончо од ул. 130 бр.28 - Охрид, му се одобрува изградба на ОБЈЕКТ-А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ ОД ВТОРА КАТЕГОРИЈА НА ГРАДБА ПР+2+ПК НА ГП 13.3.1 НА КП 10261/11 И КП 10262/4 (стар број ) ВО КО ОХРИД викано место Дебело Поле согласно Извод за ЛУПД за градежна парцела бр.13.3.1 во УЗ 13 УБ 13.3 НА Кп.бр.10261/11 и Кп.бр.10262/4 КО Охрид (стар број)донесен со одлука на Совет на Општина Охрид бр.07-112/21 од 28.01.2010 год.

Сопствениците на Кп.бр.6451 КО Охрид 4 и Кп.бр.3264/3 КО Охрид 4 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште соба бр.52 да извршат увид во предметот Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководите**
**Бранко Арнаудовски,с.р**